**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен, надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино- во стечај со седиште во населено место без уличен систем бр. 1 Црвени Брегови Неготино со ЕМБС: 7161506 и ЕДБ: 4019016507447 , по одржаното Завршно собрание на доверители на стечајниот должник во присуство на стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип и доверителите Република Северна Македонија Министерство за финансии- Управа за јавни приходи Регионална Дирекција Прилеп застапуван преку застапникот по закон Државниот Правобранител на РСМ за подрачје Кавадарци м-р. Лидија Бошкова од Кавадарци , ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје и ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје преку заеднички полномошник Адвокат Елена Јордановска вработена во Адвокатско друштво Поповски и Партнери Скопје,

на ден 29-09-2025 година, го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

**I.**

**Се констатира** дека по одржаното и заклучено Завршно Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино- во стечај со седиште во населено место без уличен систем бр. 1 Црвени Брегови Неготино со ЕМБС: 7161506 и ЕДБ: 4019016507447 , присутните доверители донесоа одлука , **да се усвои** Завршниот Извештај и Завршната Сметка изготвени од стечајниот управник депонирани во судот на ден 20-08-2025 година .

**II.**

Стечајната постапка над стечајниот должник Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино- во стечај со седиште во населено место без уличен систем бр. 1 Црвени Брегови Неготино со ЕМБС: 7161506 и ЕДБ: 4019016507447 , **се заклучува.**

Заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри.

По правосилноста на решението должникот **да не се брише** од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот Регистар на РСМ и другите регистри.

**Се задолжува** стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип во корист и за сметка на стечајната маса да продолжи да ги застапува интересите на должникот во постапката што се води под број И.бр.1771/22 кај извршител Благој Бањански од Неготино , и во постапката што се води под број И.бр.208/23 кај извршител Љупчо Јованов од Кавадарци при што доколку од исходот на постапката стечајниот должник се стекне со имот во корист на стечајната маса, истиот ќе биде предмет на дополнителна (одложена) распределба согласно одредбите од Законот за стечај.

Извадок од решението да се објави во Службен Весник на РСМ, на огласна табла на судот и на веб страната на Централен Регистар на РСМ.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Со решение СТ.бр.13/23 од 19-05-2023 година на Основен Суд Кавадарци отворена е стечајна постапка над должникот Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино-во стечај .

Во текот на отворената стечајна постапка се одржани три продажби преку системот на Е-аукции, а после одржаните продажби редовно се одржувани седници на Собрание на доверители а судот има донесувано одлуки поврзани со продажбата.

Но после спроведените три неуспешни продажби, во повторената трета е-аукција доверителите не ја прифатија понудата доставена од понудувачот па на одржаната седница на собрание на доверители на ден 06-03-2025 година разлачните доверители ДПТУ ЛИ-ОИЛ ДБ увоз -извоз Кавадарци и Про Кредит Банка АД Скопје се изјаснија дека ќе се намируваат надвор од стечајна постапка. Судот со посебни решенија одобри разлачните доверители да ја продолжат постапката за намирување на своит еразлачни побарувања кај надлежни извршители па разлачниот доверител Про Кредит Банка АД Скопје ја продолжи постапката кај извршител Љупчо Јованов од Кавадарци под број И.бр.208/23 а разлачниот доверител ДПТУ ЛИ-ОИЛ ДБ ДООЕЛ Кавадарци кај извршител Благој Бањански од Неготино под број И.бр.1771/22.

Стечајниот управник до судот на ден 20-08-2025 година достави Завршна сметка и Завршен извештај и побара од судот да закаже седница на Собрание на доверители. Завршниот извештај и Завршната сметка се разгледани и одобрени од Одборот на доверители на одржана седница на 20-08-2025 година.

Судот истиот ден ги објави на веб страната и огласната табла на судот а закажа и седница на Собрание на доверитлеи-Завршно собрание за на ден 29-09-2025 година и објави оглас во Службен Весник на РСМ бр.188 од 10-09-2025 година , достави оглас до централен Регистар на РСМ а стечајниот управник објави и оглас за одржување на Завршното собрание во дневниот весник Нова Македонија на ден 10-09-2025 година.

Во согласност со одредбата од чл.197 ст.1 а во врска со одредбата од чл.45 од Законот за 29-09-2025 година , заради разгледување и расправање по Завршниот извештај и Завршната сметка изготвени од стечајниот управник .

На одржаното Завршно собрание стечајниот управник ја изнесе содржината на Завршниот извештај и Завршната сметка, на кој што ниту еден доверител немаше приговор а беа побарани дополнителни појаснувања а на истото завршно собрание присутните доверители со гласање ги усвоија Завршната сметка и Завршниот извештај и тоа со 7,816 од доверителите со вкупно признати и утврдени побарувања или 100% од доверителите кои беа претставени на Собранието (дел од доверителите присутни на завршното собрание не гласаа односно оставија судот да одлучи) .

Судот оцени дека се исполнети законските препоставки за заклучување на стечајната постапка поради што следуваше да одлучи како во изреката на прешението .

Судот во смисла на одредбата од чл. 200 ст.5 од Законот за стечај го задолжи стечајниот управник по заклучување на стечајната постапка а во корист и за сметка на стечајната маса да продолжи да ги застапува интересите на стечајниот должник во предметот И.бр.1771/22 кај извршител Благој Бањански и во предметот И.бр.208/23 кај извршител Љупчо Јованов па доколку после намирување на разлачните доверители останат парични средства од продажбата на заложениот имот да се спроведе дополнителна распределба , поради што определи во оваа фаза стечајниот должник да не се брише од трговскиот регистар.

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во изреката на решението.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ: СТ.бр.13/23 од 29-09-2025 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука :**
Рок за жалба е 8 дена од објавувањето на решението на огласната табла на судот ,

преку овој суд
до Апелационен Суд Скопје.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**
1. Стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип
2. доверителите -преку објавување на решението на огласна табла на судот.
3. Централен Регистар на РСМ Регистрациона Канцеларија Велес
4 .Агенција за катастар на недвижности Скопје -Одделение во Кавадарци.

Решението е објавено на огласна табла и на веб страна на Основен Суд Кавадарци на ден 30-09-2025 година .